**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 28 став (3), а во врска со член 19 став(1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11 и 41/14) на седница одржана на ден 28.12.2015. година ги донесе следните

# Насоки за можни измени и преземање на обврски во однос на пријавените концентрации прифатливи за Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно Законот за заштита на конкуренцијата[1]

[1] Овие Насоки се усогласени со Commission Notice on remedies acceptable under the Council Regulation (EC) No 139/2004 and under Commission Regulation (EC) No 802/2004 Official Journal C 267, 22.10.2008, p. 1-27

## I. ВОВЕД

1.Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Закон) во член 19 став (2) изрично утврдува дека доколку учесниците во концентрацијата, по поднесувањето на известувањето ја изменат истата и Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) утврди дека по извршените измени концентрацијата нема да има за последица значително нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците, донесува решение концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот. Исто така Законот виоо член 19 став (3) изрично утврдува дека по поднесувањето на известувањето, учесниците во концентрацијата може да превземат обврски пред Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот. Комисијата во решението утврдува услови и наложува обврски со кои се обезбедува дека учесниците ќе дејствуваат во согласност со обврските преземени пред Комисијата, а со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

2. Целта на овие насоки е да обезбеди насоки за измените на концентрациите, особено за обврските кои ги превземаат претпријатијата, а кои се однесуваат на измените на концентрациите. Овие измени најчесто се опишуваат како „обврски и услови“, бидејќи нивната цел е да се отстранат грижите за конкуренцијата[2] утврдени од страна на Комисијата. Принципите содржани тука се применуваат, и понатаму се развиваат и преработуваат од страна на Комисијата за поединечни случаи.

3. Овие Насоки ги утврдуваат општите принципи применливи за обврските кои ги превземаат претпријатијата, а кои се прифатливи за Комисијата, главните видови обврски кои Комисијата може да ги прифати во случаи во согласност со Законот, посебните услови кои предлог-превземените обврски треба да ги исполнат во двете фази на постапката, и главните услови за спроведување на обврските.

## II. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

4. Во согласност со Законот, Комисијата утврдува дали концентрација за која е поднесено известување е во согласност со Законот. Тестот за тоа дали пријавената концентрација е во согласност со Законот според член 17став (2) и (3) од Законот е дали со концентрацијата значително се спречува, ограничува или нарушува ефективната конкуренција на пазарот или негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантна позиција. Концентрација која значително ја спречува, ограничува или нарушува ефективната

[2] Освен кога е поинаку назначено, во понатамошниот текст, поимот „грижи за конкуренцијата“ се однесува, во согласност со фазата на постапката, на сериозните сомнежи или прелиминарни наоди дека концентрацијата за последица може да има значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавањето или зајакнувањето на доминантна позиција

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

конкуренција, како што е погоре опишано, не е во согласност со Законот и од Комисијата се бара да ја забрани. Кога се создава заедничко вложување, Комисијата ќе ја испита концентрацијата и според член 17 став (5) од Законот. Принципите утвредни во овие насоки, општо земено, исто така се применуваат и на обврските кои ги превземаат претпријатијата за да се отстранат грижите за конкуренцијата идентификувани согласно член 17 став (5).

5. Кога концентрацијата предизвикува грижи за конкуренцијата заради можно значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантна позиција, учесниците во концентрацијата може да бараат начини за измени на концентрацијата се цел да се отстранат грижите за конкуренцијата, и со тоа да добијат одобрување за нивната концентрација. Ваквите измени може целосно да се спроведат пред да биде донесено решението со кое се одобрува концентрацијата (Решение со кое се утврдува дека концентрацијата е во согласност со одредбите на Законот). Сепак, страните можат да превземат одредени обврски со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со Законот, а обврските да се исполнат по донесувањето на решението со кое се утврдува дека концентрацијата е во согласност со Законот.

6.Согласно одердбите од Законот, одговорност на Комисијата е да докаже дека со концентрацијата значително се спречува, ограничува или нарушува ефективната конкуренција.[3] **Комисијата ги известува учесниците во концентрацијата за грижите за конкуренцијата кои ги има во однос на предметната концентрација за да им овозможи да утврдат ипредложат соодветни обврски.** Учесниците во концентрацијата се тие кои треба да предложат обврски кои се спремни да ги превземат, Комисијата не е во позиција да наметнува еднострано било какви услови во решението, туку единствено може да наметнува услови врз основа на обврските кои претпријатијата се спремни да ги превземат. Комисијата ги известува учесниците во концентрацијата за прелиминарната процена на предложените обврски. Доколку, сепак, учесниците во концентрацијата не предлагаат валидни обврски соодветени за отстранување на проблемите околу спречувањето, ограничувањето или нарушувњето на ефективната конкуренција, единствената опција е Комисијата да донесе решение со кое се утврдува дека концентрацијата не е во согласност со одредбите на Законот (да ја забрани концентрацијата).

7. Комисијата треба да процени дали обврските кои се спремни да ги превземат учесниците во концентрацијата, откако ќе се исполнат, би ги отстраниле утврдените грижи за конкуренцијата, односно би ги отстраниле идентификуваните спречувања, ограничувања или нарушувња на ефективната конкуренција. Единствено учесниците во концентрацијата ги имаат сите релевантни информации неопходна за таквата проценка, особено за спроведливоста на предложените обврски, и одржливоста и конкурентноста на деловниот потфат (средствата, делот од бизнисот) предложени за продажба. Оттука, учесниците во концентрацијата се одговорни за обезбедување на сите достапни информации кои се

[3] Во фаза I и пред доставувањето на Барање за изјаснување по наводите, тоа одговара на *сериозни сомнежи* односно значителното спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

неопходни за процената на Комисијата на предложените обврски. За таа цел, обврска на учесниците во концентрацијата е да обезбедат детални информации за содржината на понудените обврски, условите за нивно спроведување и да покажат дека се соодветни за отстранување на било кое значително спречувања, ограничувања или нарушувња на ефективната конкуренција. Во обврските кои се однесуваат на продажба на деловниот потфат учесниците во концентрацијата треба да дадат детален опис, особено на тековното работење на делот од деловниот потфат кој се продава. Овие информации ќе овозможат Комисијата да ги процени рентабилноста, конкурентноста и пазарната подобност на деловниот потфат кој се продава, преку споредба на тековното работење со опсегот предложен во обврските.

8. Со оглед на тоа што учесниците во концентрацијата треба да предложат обврски доволни за отстранување на грижите за конкуренцијата околу идентификуваните спречувања, ограничувања или нарушувања на ефективната конкуренција, и да достават информации неопходни за нивна процена, **Комисијата треба да одлучи дали концентрацијата, како што е изменета со валидно доставените обврски, сепак не е во согласност со Законот, поради тоа што, и покрај обврските кои ги прелагаат учесниците во концентрацијата, доведува до значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција. Товарот на докажувањето дека концентрацијата е или не е во согласност со Законот изменета со обврските кои претпријатијата учесници се спремни да ги превземат, подлежи на истите критериуми како и оценката на неизменетата концентрација.**

*Основни услови за прифатливи обврски*

9. Во согласност со Законот, Комисијата единствено ќе ги прифати обврските за кои ќе проценети дека можат да направат концентрацијата да е во согласност со Законот, така што концентрацијата нема да има за последица значителни спречување, ограничување или наручување на ефективната конкуренција. Обврските мора целосно да ги отстранат грижите за конкуренцијата и мора да се сеопфатни и делотворни од сите гледни точки. Понатаму, обврските мора да можат да се спроведат ефективно за краток временски период, бидејќи условите на конкуренцијата на пазарот нема да се одржат се додека не се исполнат обврските.

10. Структурните обврски, особено продажбите, предложени од учесниците во концентрацијата ќе ги исполнуваат овие услови само доколку Комисијата може да заклучи, со потребниот степен на сигурност, дека е можно тие да се спроведат, и новите комерцијални структури што најверојатно ќе произлезат од нив ќе се доволно изводливи и трајни за да гарантираат дека значителното спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција нема да се материјализира.

11. Потребниот степен на сигурност кој се однесува на спроведувањето на предложените обврски може особено да биде под влијание на ризиците поврзани со преносот на деловниот потфат кој се продава, како што се условите приложени кон деловниот потфат кој се продава од страна на учесниците во концентрацијата, правата на трети лица поврзани со деловниот потфат, или ризикот поврзан со наоѓање подобен купувач, како и ризиците поврзани со деградација на имотот додека да се случи продажбата. Обврската да ги отстранат ваквите неизвесностите околу спроведувањето на обврските при

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

поднесувањето до Комисијата[4] е на учесниците во концентрацијата.

12. При проценката на вториот услов, дали предложените обврски ќе ги отстранат идентификуваните спречувања, ограничувања или нарушувања на конкуренцијата, Комисијата ги разгледува сите битни фактори поврзани со обврските, вклучувајќи ги *меѓу другото и* видот, обемот и опсегот на предложените обврски, проценети во однос на структурата и посебните карактеристики на пазарот каде што се јавуваат грижите за конкуренцијата, вклучувајќи ја позицијата на учесниците во концентрацијата и другите учесници на пазарот.

**13.** Со цел обврските да се во согласност со овие принципи, мора да постои ефективна имплементација и можност за следење на обврските. Додека одрдена продажба по спроведувањето може да не бара понатамошни мерки за следење, други видови на продажба може да бараат делотворни механизми за следење, за да се осигури дека нивното дејство не е намалено или дури елиминирано од учесниците во концентрацијата. Инаку, ваквите обврски би мореле да се земат повеќе како изјави за намера од учесниците во концентрацијата, и не би имале значење на обврзувачки обврски, бидејќи, поради недостаток на делотворни механизми за следење, **секое нивно прекршување не доведува до поништување на Решението во согласност со одредбите на Законот.**

14. Во случаите кога, сепак, учесниците во концентрацијата доставуваат предлог-обврски кои се толку обемни и комплексни, така што не е можно Комисијата да утврди, со потребниот степен на сигурност, во времето на донесување на решението, дека тие целосно ќе се спроведат, и веројатно ќе ја одржат ефективната конкуренција на пазарот, не може да се донесе решение со кое се утврдува дека концентрацијата е во согласност со Законот. **Комисијата може да отфрли вакви обврски особено токму поради тоа што спроведувањето на обврските не може ефективно да се следи**, а недостатокот на ефективно следење го намалува, или дури елиминира дејството на предложените обврски.

*Соодветност на различни видови обврски*

15. Основната цел на обврските е да се обезбедат конкурентни пазарни структури. Соодветно, обврските од структурна природа, како на пример обврски за продавање на дел од бизнисот, по правило, имаат предност од гледна точка на целите на Законот, бидејќи таквите обврски долгорочно ги спречуваат, грижите за конкуренцијата кои би произлегле од пријавената концентрација, а покрај тоа, не бараат средни или долгорочни мерки за следење. Сепак, не може автоматски да се исклучи можноста дека останатите видови обврски се исто така во состојба да спречат значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција.

16. Комисијата нагласува дека прашањето дали обврските, или уште поконкретно, кој

[4] Во зависност од природата на ризиците, посебни мерки на заштита може да имаат за цел да ги надоместат. На пример, ризиците кои произлегуваат од правата на трети лица поврзани со имотот кој се продава може да се надоместат со предлагање алтернативна продажба. Ваквите заштитни мерки детално се резгледуваат во текстот што следи.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

вид на обврски се соодветни за отстранување на идентификуваните спречувања, ограничувања или нарушувања на конкуренцијата, треба да се разгледува за секој случај одделно.

17. Сепак, може да се направи општа разлика помеѓу продажба на деловниот потфат (имот, дел од бизнисот), останатите структурни обврски, како на пример овозможување пристап до клучната инфраструктура или инпути врз недискриминаторна основа, и обврските кои се однесуваат на идното однесување на претпријатието по концентрацијата. Обврските за продажба на деловен потфат се најдобар начин за отстранување на грижите за конкуренцијата кои произлегуваат од хоризонтални преклопувања, а може да бидат и најдобрите средства за решавање на проблемите кои произлегуваат од вертикалните или конгломератните прашања. Останатите структурни обврски може да се соодветни зарешавање на сите видови прашања доколку обврските имаат еквивалентно дејство со продажбата како што е детално објаснето подолу во став 60 и понатаму. Обврските кои се однесуваат на идното однесување на претпријатието по концентрацијата може да се прифатливи само во исклучителни случаи и во многу посебни околности. Особено, обврските претпријатијата да не ги покачат цените, да се намали асортиманот на производите, или да се отстранат брендови (марки), итн., општо земено не ги елиминира грижите за конкуренцијата кои произлегуваат од хоризонтални преклопувања. Во секој случај, тие видови обврски може да се прифатат само во одредени исклучителни случаи, доколку нивната остварливост целосно се гарантира со ефективно спроведување и следење во согласност со ставовите 13-14, 65, 68, и доколу тие не предизвикуваат ризик кој води кон нарушување на конкуренцијата.[5]

*Постапка*

18. Комисијата може да прифати обврски во било која фаза на постапката. Сепак, со оглед на тоа што детална анализа на пазарот се спроведува само во т.н. фаза II[6], обврските поднесени до Комисијата во т.н.фаза I[7] мора да се доволни за јасно исклучување на сериозни сомнежи дека концентрацијата„за последица може да има значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција " во рамките на значењето на член 19 став 1 точка 3 од Законот.[8] Во согласност со член 24 став 3 од Законот, Комисијата мора да донесе одлука за одобрување веднаш штом можното значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција спомнати во член 19 став 1 точка 3 од Законот е отстрането како резултат на обврските

---

[5] На пример,обврски во врска со одредено однесување при формирањето на цени, како што се ограничување на цени преку утврдување на највисоки цени (price cap), кои содржат ризик да доведат до антикинкурентно израмнување на цените помеѓу конкурентите.

[6] Т.н. Фаза II е во врска со одредбите од Член 19 став 1 точка 3 од Законот, односно се однесува на ситуациите кога Комисијата ќе утврди дека концентрацијата за која е поднесено известувањето потпаѓа под одредбите на Законот и за последица може да има значтелно спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, па соодветно на тоа донесува и Заклучок за поведување на постапка.

[7] Фаза I е во врска со одредбите од Член 19 став 1 точка 2 од Законот , односно се однесува на ситуациите кога Комисијата ќе утврди дека концентрацијата за која е поднесено известувањето иако потпаѓа под одредбите на Законот нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел па соодветно на тоа донесува решение со кое утврдува дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

[8] Обврските во фаза I може да се прифатат само во одреден и ситуации; види подолу став 80.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

поднесени од учесниците во концентрацијата Ова правило се однесува на обврските предложени во постапките на т.н.фаза II, пред Комисијата да издаде барање за изјаснување по наводите. Ако прелиминарниот заклучок на Комисијата е дека концентрацијата за последица може да има значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција и **издаде Барање за изјаснување по наводите,** обврските мора да се доволни за отстранување на таквото значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција.

19. Додека учесниците во концентрацијата мора да понудат обврски, Комисијата ќе обезбеди спроведливост на обврските преку условување на одобрувањето на концентрацијата со исполнување на превземените обврски. Треба да се направи **разлика помеѓу услови и обврски**. Барањата за постигнување структурни промени на пазарот се услов – на пример, деловниот потфат да се продаде. Чекорите за спроведување кои се неопходни за постигнување на тој резултат се општо земено обврски на страните, на пример, назначување на повереник со неотповиклив мандат за продавање на деловниот потфат.

20.Кога **учесниците во концентрацијата ќе повредат некоја од обврските**, Комисијата може, во согласност со член 21 став (1), да го поништи решението со кое се утврдува дека концентрацијата е во согласност со Законот, а кое е донесено согласно член 19 став (2), или согласно член 20 став (1) точка 2) или 3) од Законот, соодветно. Во случај на повреда на некоја од обврските, на учесниците во концентрацијата може да им биде изречена прекршочна санкција- глоба, согласно член 60 од Законот. Во случаите кога не е исполнет **некој услов**, на пример деловниот потфат (средствата, бизнисот) не е продаден во временскиот рок утврден во обврските кои ги превзеле претпријатијата, или подоцна истиот е повторно повратен (купен), решението дека концентрацијата е во согласност со одредбите на Законот веќе не е применливо. Во такви околности, Комисијата може, како прво да наложи времени мерки за одржување на условите на ефективна конкуренција, согласност со член 23 од Законот. Второ, доколку условите од член 21 став 1 точка 2 се исполнети, може да наложи соодветни мерки за да се обезбеди дека учесниците ќе ја поништат концентрцијата или да преземе други мерки за враќање во поранешна состојба, или, во согласност со член 21 став 1.

## III. РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ОБВРСКИ

### 1. Продавање на дел од деловниот потфат на подобен купувач

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

21. Кога концентрацијата за која е поднесено известување се заканува да доведе до значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција, најделотворниот начин да се одржи ефективната конкуренција, освен забраната на концентрацијата, е да се создадат услови за појавување на нови конкурентни субјекти, или за зајакнување на постоечките конкуренти преку продажба на деловен потфат на учесниците во концентрацијата.

**1.1 Продажба на деловен потфат кој е рентабилен и конкурентен**

22. Продажбата на деловниот потфат мора да се однесува на деловен пофат кој е рентабилен и доколку се управува од подобен купувач, може ефикасно да се натпреварува со претпријатието по концентрацијата на долготрајна основа.[9] За деловниот пофат да биде рентабилен, може да е неопходно да се вклучат активности поврзани со пазарите каде Комисијата не идентификувала грижи за конкуренцијата, доколку тоа е потребно да се создаде ефективен конкурент на засегнатите пазари.

23. Кога се предлага рентабилен деловен потфат за проджба, потребно е да се земат предвид неизвесностите и ризиците поврзани со преносот на деловниот потфат на нов сопственик. Тие ризици може да го ограничат конкурентското влијание на продадениот деловен пофат, па затоа може да доведат до пазарна ситуација каде грижите за конкуренцијата за кои станува збор не мора да значи дека ќе се отстранат.

*Опсег на деловниот пофта кој се продава*

24. Деловниот потфат треба да го вклучи целиот имот кој придонесува за неговото тековно работење, или кој е потребен да се осигури неговата рентабилност и конкурентност и персоналот кој е моментално вработен, или кој е потребен за да се осигури рентабилност и конкурентноста на деловниот потфат.[10]

25. Персоналот и имотот кои тековно се делат помеѓу деловниот потфат што се продава и останатите бизниси на учесниците во концентрацијата а кои придонесуваат за работењето на претпријатието, или се неопходни за неговата рентабилност и конкурентност, исто така треба да се вклучат. Инаку, рентабилноста и конкурентноста на деловниот потфат кој се продава може да се загрозени. Оттука, деловниот потфат за продажба треба да го содржи персоналот кој е од исклучителна важност за неговото функционирање, како на пример групата за истражување и развој, и персоналот за ИТ, дури и кога тој персонал е тековно вработен во друга деловна единица. На ист начин треба да се вклучат средствата што се делат, дури и кога тие средства се во сопственост / или се доделени на друга деловна единица.

---

[9] Тоа ги вклучува, во одредени услови, деловите кои треба да се издвојат од претпријатието или поединечниот имот на учесниците во концентрацијата; види подолу став 34.

[10] Учесниците во концентрацијата мора да се обврзат во обврските дека деловниот потфат кој се продава ги вклучува сите средства и персонал. Кога деталниот опис на деловниот потфат што го доставуваат учесниците, како што е утврдено во став 26, подоцна се утврди дека е нецелосен и учесниците во концентрацијата не го комплетираат деловниот потфат со потребните дополнителни средства или персонал, **Комисијата може да ја разгледа можноста за поништување на Решението со кое концентрацијата е условно одобрена**.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

26. Со цел Комисијата да може да го идентификува опсегот на деловниот потфат за продажба, учесниците во концентрацијата мора да вклучат прецизна дефиниција на опсегот на деловниот потфат во обврските („опис на деловен потфат за продажба“) Описот на деловниот потфат треба да се прилагоди на секој засегнат поединечен случај и треба да ги содржи сите елементи кои се дел деловниот потфат кој се продава: материјални (на пример, истражување и развој, производство, дистрибуција, продажба и маркетингшки активности) и нематеријални средства (како што се правата на интелектуална сопственост, know-how и goodwill); лиценци, дозволи и овластувања од владини тела одобрени на претпријатието; договори, заеми, одговорности (на пример, договори со набавувачи и клиенти) кои се однесуваат на деловниот потфат за продажба; и евиденција за клиенти, заслуги и останато. Во описот на деловниот потфат за продажба, учесниците во концентрацијата треба да го вклучат персоналот што ќе се пренесува, општо земено, вклучувајќи го помошниот персонал и привремено вработените, и да утврдат список на клучен персонал, односно оние вработени кои се од исклучителна важност за одржливоста и конкурентноста на деловниот потфат. Обврските треба да вклучуваат заложби на учесниците во концентрацијата за не - правење на понуди на клучниот персонал кој ќе премине со деловнот потфат за продажба.

27. Во описот на деловниот потфат за продажба, учесниците во концентрацијата треба да ги утврдат договорите за набавка на производи и услуги од нив за деловниот потфат за продажба, или од деловниот потфат за нив. Ваквите тековни односи на деловниот потфат што се продава може да се неопходни за одржување на целосната економска рентабилност и конкурентност на деловниот потфат за преоден период. Комисијата ги прифаќа единствено договорите кои не влијаат врз независноста на деловниот потфат што се продава од страните.

28. Со цел да се избегнат недоразбирања околу деловниот потфат за продажба, имотот и персоналот вклучени во претпријатието, но кои, според учесниците во концентрацијата, не треба да се пренесат со деловниот потфат, страните мора изрично да ги исклучат од текстот на обврските. Комисијата ги прифаќа само оние исклучувања на имот и персонал за кои страните може јасно да покажат дека не влијаат на рентабилноста и конкурентноста на деловниот потфат.

29. Деловниот потфат кој се продава мора да биде засебно рентабилен. Затоа, ресурсите на можниот или претпоставениот иден купувач не се земаат предвид од страна на Комисијата во фазата на процена на обврските. Ситуацијата е различна кога, за време на постапката веќе е склучен купопродажен договор со подобен купувач чии ресурси може да се земат предвид во времето на процена на обврските. Оваа ситуација подетално се разгледува во став 55 и понатаму.

30. Откако ќе се идентификува купувач по донесување на Решението, некои од средствата или персоналот вклучени во деловниот потфат за продажба може да не се потребни на предложениот купувач. Во процесот на одобрување на купувачот, Комисијата може, на барање на учесниците во концентрацијата да одобри продажба на деловниот потфат на предложениот купувач без едно или повеќе средства или делови од персоналот, доколку тоа не влијае врз рентабилноста и конкурентноста на деловниот потфат за продажба, по продажбата, земајќи ги предвид ресурсите на предложениот купувач.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**1.2 Самостојност на деловниот потфат и услови за прифатливост на алтернативи**

31. Вообичаено, рентабилен деловен потфат е деловен потфат кој може да работи самостојно, што значи независно од учесниците во концентрацијата, како што се набавка на влезни материјали, или други форми на соработка, надвор од преодниот период.

32. Комисијата јасно претпочита постоечки самостоен деловен потфат. Тоа може да биде во форма на веќе постоечко претпријатие или група на претпријатија, или оддел на деловниот потфат кој претходно не бил Законски инкорпориран како таков.

33. Кога грижите за конкуренцијата произлегуваат од хоризонтално преклопување, учесниците во концентрацијата може да бираат помеѓу два бизниси (два деловни потфата). Во случаите на непријателска понуда, обврските да се продаде деловен потфат на компанијата која се превзема може, во тие околности на ограничени информаци достапни на страните за деловниот потфат кој се продава да го зголеми ризикот деловниот потфат по продажбата, да не биде одржлив конкурент кој делотворно би се натпреварувал на пазарот на долготрајна основа. Затоа, може да биде посоодветно учесниците во концентрацијата да предложат продажба на деловен потфат на друштвото што се стекнува со контрола при такви сценарија.

*Издвојување*

Иако вообичаено, потребна е продажба на постоен деловен потфат кој е рентабилен и самостоен, Комисијата, земајќи го предвид принципот на пропорционалност, може да разгледа и продажба на деловен пофат кој има силни врски или е делумно интегриран со бизнисот кој го задржуваат учесниците во концентрацијата и затоа треба во тој поглед да се „издвои“. За да се намалат ризиците за рентабилност и конкурентноста на минимум во овие околности, една опција е учесниците во концентрацијата да поднесат обврски кои предлагаат издвојување на оние делови на постоечкото претпријатие кои не е неопходно да се продадат. Всушност, постоечки самостоен деловен потфат се продава во тие околности, иако, по пат на „обратно издвојување“,страните може да издвојат ограничени делови кои може да ги сочуваат.

Во секој случај, Комисијата може да ги прифати само оние обврски кои бараат издвојување на дел од претпријатието ако е сигурно дека, барем во времето кога претпријатието се пренесува на купувачот, ќе се продаде деловен потфат кој е одржлив, самостоен, а ризиците за рентабилноста и конкурентноста предизвикани од издвојувањето со тоа ќе се сведат на минимум. Учесниците во концентрацијата мора да осигураат, како што е детално утврдено во став 111, дека издвојувањето започнува во преодниот временски период,односно во периодот

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

меѓу донесувањето на решението на Комисијата до завршување на продажбата на деловниот потфат (што значи Законскиот и фактичкиот пренос на претпријатието на купувачот). Оттука, на крајот од тој период, ќе се продаде рентабилен самостоен деловен потфат. Доколку тоа не е можно, или издвојувањето е особено тешко, учесниците во концентрацијата може да обезбедат доволен степен на сигурност за Комисијата така што ќе предложат превземање на т.н. обврска ,,прво да се најде купувач,, што е детално дадено во став 54.

*Продажба на средства, особено брендови (марки) и лиценци*

36.Деловен потфат за продажба кој се состои од комбинација на одредени средства кои не создале униформно и рентабилно претпријатие во минатото, создава ризици за рентабилноста и конкурентноста на новото претпријатие (деловниот потфат за продажба). Ова е особено случај кога се вклучени средства на повеќе страни. Ваквиот пристап Комисијата може да го прифати само кога рентабилноста на претпријатието (деловниот потфат за продажба) е гарантирана и покрај фактот дека деловниот потфат не претставувал униформно претпријатие во минатото. Таков е случајот кога поединечен имот веќе може да се смета за рентабилно и конкурентно претпријатие. Слично, само во исклучителни случаи деловен потфат за продажба кој ги вклучува само брендовите и придружното производство и/или имот за дистрибуција може да се доволни да создадат услови за ефективна конкуренција. Во такви околности, пакетот кој се состои од брендови и имот мора да е доволен за да овозможи Комисијата да утврди дека новото претпријатие (деловниот потфат кој се продава) веднаш ќе биде рентабилно во рацете на подобен купувач.

37.Општо, деловен потфат за продажба се претпочита пред доделувањето лиценци за права за интелектуална сопственост, бидејќи доделувањето лиценци вклучува повеќе неизвесности, не овозможува носителот на дозволата веднаш да се натпреварува на пазарот, бара постојан однос со учесниците, што може да му дозволи на давателот на лиценцата да влијае врз носителот во неговото конкурентско однесување, и може да доведе до спор помеѓу давателот и носителот на лиценцата околу доменот и условите на лиценцата. Затоа, доделувањето на лиценцата ошто земено нема да се смета за соодветно кога продажбата на деловен потфат се чини изводливо. Кога грижите за конкуренцијата произлегуваат од позицијата на пазарот поради технологија или права на интелектуална сопственост (ПИС), продажбата на технологиите или ПИС е обврска кој се претпочита, бидејќи елиминира долготрајна врска помеѓу претпријатието по концентрацијата и неговите конкуренти. Сепак, Комисијата може да прифати договори за лиценцирање како алтернатива на продажба на деловен потфат кога, на пример, продажбата на деловен потфат би влијаело негативно врз ефикасното тековно истражување, или кога продажбата е невозможна поради природата на деловното работење. Ваквите лиценци треба да му овозможат на корисникот на лиценцата ефективно да се натпреварува со учесниците во концентрацијата, на сличен начин како и кога би дошло до продажба на деловен потфат. Тоа се вообичаено ексклузивни лиценци и треба да се без географски, и ограничувања на полето на употреба врз корисникот на лиценцата. Кога постои неизвесност околу доменот на лиценцата, или нејзините услови, учесниците во концентрацијата мора да ги продадат предметните ПИС, но може да ја добијат лиценцата назад. Доколку постои неизвесност дека лиценцата ќе се додели на соодветен корисник, учесниците во концентрацијата може да разгледуваат дали да предложат

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

непосреден корисник на лиценцата или решение - ,,прво да се реши проблемот, во согласност со заклучоците изложени подолу во став 55, со цел да се овозможи Комисијата да донесе одлука со потребниот степен на сигурност дека превземените обврски ќе се спроведат.

*Ребрендирање*

38. Во исклучителни случаи, Комисијата може да прифати обврски кои се однесуваат на доделување ексклузивна, временски ограничена лиценца за марка со цел да се дозволи корисникот на лиценцата да го ребрендира производот за предвидениот период. По првата фаза на лиценца на овие таканаречени обврски за ребрендирање, учесниците во концентрацијата се обврзуваат во втората фаза да се воздржат од било каква употреба на марката (фаза на замрачување (black out). Целта на ваквите обврски е да се дозволи да се префрлат клиентите од лиценцираната марка на сопствените марки на корисникот на лиценцата, со цел да се создаде одржлив конкурент, без трајно откажување од лиценцираната марка.

39. Заложбата за ребрендирање носи многу поголеми ризици за повторното воспоставување на ефективната конкуренција отколку продажбата наделован потфат, вклучувајќи го и откажувњето од марката, бидејќи постои значителна неизвесност дали корисникот на лиценцата ќе успее да се наметне како активен конкурент на пазарот врз основа на ребрендираниот производ. Обврската за ребрендирање може да е прифатлива во околности кога предметната марка е широко распространета и голем дел од нејзиниот обрт е на пазарите надвор од оние каде што се идентификувани грижите за конкуренцијата.[11] Во овие околности, обврската за ребрендирање треба да се дефинира така што ќе гарантира дека издавањето на лиценцата ефективно ќе ја одржи конкуренцијата на пазарот на долгорочна основа, и дека корисникот на лиценцата ќе биде ефективен конкурент по ребрендирањето на производите.

40. Поради тоа што успехот на обврските за ребрендирање е значително поврзан со одржливоста на лиценцираната марка, неколку предуслови треба да се исполнат за креирање вакви обврски. Прво, марката што се пренесува мора да биде добро позната, да биде доволно силна да гарантира непосредна рентабилност (одржливост) на лиценцираната марка и нејзин економски опстанок во периодот на ребрендирање. Второ, дел од средствата за производство или дистрибуција на производите кои се продаваат на пазарот под лиценцираната марка, или трансфер на know-how може да се потребни за обезбедување одржливост на обврските. Трето, лиценцата мора да биде ексклузивна и сеопфатна, односно да не биде ограничена на одреден домен на производи на одреден пазар, и мора да вклучува права на интелектуална сопственост за да се осигури дека клиентите ќе ја препознаат ребрендираната марка. Учесниците во концентрацијата не смеат да користат слични зборови или знаци, бидејќи тоа може да ги поткопа влијанијата на извршеното ребрендирање. Четврто, и периодот на траење на лиценцата и периодот на замрачување треба да се доволно долги, и да се земат предвид

[11] Сепак, дури и во овие услови откажувањето од марката е посоодветно, особено кога произлезеното делење на сопственоста на марката се совпаѓа со вообичаената пракса во индистријата.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

посебностите на случајот, за ребрендирањето како обврска да биде со сличен ефект како и продажбата на деловен потфат.

41. Идентитетот на потенцијалниот корисник на лиценцата ќе биде клучен фактор за успехот на обврската. Доколку не е сигурно дека се достапни одреден број на корисници на лиценци кои имаат вештини и мотив да го спроведат ребрендирањето, учесниците во концентрцијата треба да размислат да предложат решенија – ,,прво да се најде купувач,, или ,,прво да се реши проблемот,, во согласност со заклучоците изнесени во став 52.

### 1.3 Клаузула за повторно не-стекнување

42. Со цел да се задржи структурното дејство на обврските, обврските треба да предвидуваат дека претпријатието по концентрацијата не може последователно повторно да стекне влијание[12] врз целиот или дел од деловниот потфат кој се продава. Обврските вообичаено треба да предвидат дека не е можно повторно стекнување материјално влијание за значителен период, најчесто 10 години. Сепак, обврските утврдуваат ослободување од обврската, дозволувајќи и` на Комисијата да ги ослободи учесниците во концентрацијата од оваа обврска, доколку дополнително утврди дека дошло до промена на пазарот до тој степен така што отсуството на влијание врз деловниот потфат не е повеќе потребно за концентрацијата да биде во согласност со Законот. Дури и во отсуство на експлицитна клаузула, повторното стекнување ќе ја нарушува имплицитната обврска на учесниците во концентрацијата согласно обврските, бидејќи тоа влијае врз делотворноста на обврските.

### 1.4 Алтернативни обврски за продажба на деловен потфат: имот со соодветна вредност (crown jewels)

43. Во одредени случаи, спроведувањето на претпочитаната опција за продажба на деловен потфат (на одржливо претпријатие за решавање на грижите за конкуренцијата) може да биде неизвесно, во поглед, на пример, на правото на трети лица на предност за купување, или неизвесност поради преносливста на клучните контакти, правата на интелектуална сопственост, или неизвесноста од наоѓање подобен купувач. Сепак,учесниците во концентрацијата може да сметаат дека ќе бидат во можност да го продадат деловниот потфат на подобен купувач во краток временски период.

44. Во такви околности, Комисијата не може да ризикува, на крајот, ефективната конкуренција да не биде задржана. Соодветно, Комисијата единствено ги прифаќа таквите обврски за продажба на деловен потфат под следниве услови: (а) отсуство на неизвесност, првиот деловен потфат за продажба предложен во обврските се состои од рентабилно претпријатие и (б) учесниците во концентрацијата мора да предложат втор, алтернативен деловен потфат за продажба, која учесниците во концентрацијата се обврзани да ја спроведат доколку не се во состојба да ја спроведат првата обврска во временскиот период предвиден за породажба на првиот деловен потфат. Ваквата алтернативна обврска треба да биде „имот со соодветна вредност“, односно добар барем колку и првиот предложен деловен потфат за продажба, во смисол на создавање на одржлив конкурент откако ќе се спроведе (по продажбата), не треба да вклучува никакви неиезвесности околу неговото спроведување, и треба да може да се спроведе за кратко време за да се избегне вкупниот период на спроведување да го надмине периодот кој се смета за прифатлив во условите на засегнатиот пазар. Со цел да се ограничат ризиците во времениот период, неопходно е времено зачувување и мерките за издвојување да се применат на сите средства вклучени во двете алтернативи на деловниот потфат за продажба.

[12] Влијанието на претходниот сопственик врз конкурентското однесување на деловниот потфат кој се продава ризикува нарушување на целите на обврските.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Понатаму, обврските треба да воспостават јасни критериуми и строг распоред за тоа како и кога обврските за продажба на алтернативен деловен потфат ќе влезат во сила и Комисијата ќе бара пократки периоди за негово спроведување.

45. Во случај на неизвесност околу спроведувањето на продажбата на деловниот потфат што се должи на правата на трети лица или наоѓањето подобен купувач, обврските за ,,имот со соодветна вредност,, и ,,прво да се најде купувач,, кои се разгледуваат во став 53 се однесуваат на истите прашања, и оттука учесниците во концентрацијата можат да бираат помеѓу двете структури.

**1.5 Пренос на подобен купувач**

46. Посакуваниот ефект на продажбата на деловниот потфат ќе се постиге доколку деловниот потфат е пренесен на подобен купувач во чии раце ќе стане активна конкурентна сила на пазарот. Потенцијалот на деловниот потфат да привлече подобен купувач е битен елемент за проценката на Комисијата на соодветноста на предложената обврска. За да се осигури дека претпријатието се продава на подобен купувач, обврските мора да вклучуваат критериуми за дефинирање на неговата подобност, што овозможуваат Комисијата да донесе одлука дека продажбата на деловниот потфат на таков купувач најверојатно ќе ги елиминира идентификуваните грижи за конкуренцијата.

*(а) Подобност на купувачот*

47.Стандардните услови за купувач се следниве:

- да биде независен и неповрзан со учесниците во концентрацијата;
- Да поседува финансиски ресурси, докажана релевантна стручност и мотивираност и способност да го одржува и развива деловниот потфат за продажба како одржлива и активна конкурентна сила во конкуренција со учесниците во концентрацијата и останатите конкуренти; и
- Стекнувањето на деловниот потфат од страна на предложениот купувач не смее да создаде нови проблеми со конкуренцијата, нити да доведе до ризик од одложување на спроведувањето на обврските. Затоа, од предложениот купувач разумно мора да се очекува да ги добие сите неопходни одобренија од релевантните регулаторни тела во Република Македониј за купување на деловниот потфат за продажба.

48. Стандардните услови за купувачот (барања за купувачот) може да се надополнуваат за секој случај поединечно. Таков пример е барањето, каде што е соодветно, купувачот да биде пред се` индустриски, а не финансиски купувач.[13] Заложбите вообичаено ќе содржат таква клаузула онаму каде, поради посебните околности на случајот, финансиски купувач нема да

[13] Одредени пазари може да бараат доволен степен на препознавање од страна на купувачите за купувачот да може да го направи деловниот потфат за продажба конкурентна сила на пазарот.

може, или нема да има мотив да го развие деловниот потфат како одржлива и конкурентна сила на пазарот, дури и кога би се здобил со потребната управувачка стручност (на пример со ангажирање раководители кои се успешни во односниот сектор) па затоа купувањето од страна на финансиски купувач нема да ги отстрани грижите за конкуренцијата со доволна сигурност.

***(б) Идентификување на подобен купувач***

49. Општо земено, постојат три начини за да се осигури дека деловниот потфат се пренесува на подобен купувач. Прво, преносот на деловниот потфат се случува во точно одреден временски период по донесувањето на Решението, преносот е извршен на купувач одобрен од страна на Комисијата врз основа на барањата за купувач. Второ, покрај условите изнесени за првата категорија, обврските предвидуваат дека страните не може да ја спроведат концентрацијата за која поднеле известување пред да стапат во обврзувачки договор со купувачот на деловниот потфат, одобрен од Комисијата (таканаречен ,,прво да се најде купувач,,) Трето, учесниците во концентрацијата идентификуваат купувач и стапуваат во обврзувачки договор уште за време на постапката пред Комисијата[14] (таканаречени,, прво да се реши проблемот“обврски). Главната разлика помеѓу двете последни опции е дека во случајот на однапред познат купувач, Комисијата не е запознаена со идентитетот на купувачот пред да го Донесе решението со кое се утврдува дека концентрацијата е во согласност со Законот.

Изборот на категоријата зависи од ризиците вклучени во случајот и мерките што и` овозможуваат на Комисијата да донесе заклучок со потребното ниво на сигурност дека обврските ќе се спроведат. Тоа зависи од природата и опсегот на деловниот потфат за продажба, ризиците од деградација на деловниот потфат во временскиот период до продажбата и неизвесностите во врска со преносот и спроведувањето, особено ризикот од ненаоѓање подобен купувач.

*(1) Продажба на деловниот потфат во ограничен временски период по донесување на решението*

51. Во правата категорија, учесниците во концентрацијата може да продолжат со продажбата на деловниот потфат врз основа на барањата за купувач во точно утврден временски период по донесувањето на решението. Процедурата е веројатно да биде соодветна во поголем број случаи, под услов да може да се предвидат голем број на купувачи за рентабилен деловен потфат и да нема специфични прашања кои ја комплицираат или стојат на патот на продажбата на деловниот потфат. Кога купувачот треба да има посебни квалификации, оваа процедура е соодветна доколку има доволно заинтересирани потенцијални купувачи кои ги исполнуваат барањата за купувачот кои се вклучени во обврските. Во тие околности, Комисијата може да утврди дека проджбата на деловниот потфат ќе се спроведе и дека не постојат причини за суспензија на спроведувањето на концентрација по донесеното решение од страна на Комисијата.

*(2) ,,прво да се најде купувач,,*

---

[14] Преносот на деловниот потфат може да се спроведе по донесувањето на решение од страна на Комисијата.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

52.Постојат случаи кога само предлогот на непосреден купувач дозволува Комисијата да утврди со потребниот степен на сигурност дека дееловниот потфат ефективно ќе се продаде на подобен купувач. Затоа, учесниците во концентрацијата мора да предвидат во обврските дека нема да ја спроведат концентрацијата пред да стапат во обврзувачки договор со купувач за деловниот потфат, одобрен од страна на Комисијата.

53.Прво, ова се однесува на случаи кога постојат значителни препреки за продажба на деловниот потфат, како што се правата на трети лица, или неизвесности околу наоѓање на подобен купувач. Во ваквите случаи, непосреден купувач овозможува Комисијата да утврди со потребното ниво на сигурност дека обврските ќе се спроведат, бидејќи таквите обврски се голема стимулација за учесниците во концентрацијата да го затворат процесот на продажба на деловниот потфат за да ја спроведат концентрацијата. Во овие околности, учесниците во концентрацијата може да избираат помеѓу предлагање непосреден купувач и обврска за продажба на алтернативен деловен потфат, како што е изложено во став 45.

Второ, непосреден купувач може да биде потребен во случаите кои предизвикуваат значителни ризици од зачувување на конкурентноста и способноста за продажба на деловниот потфат во временскиот период до продажбата на деловниот потфат. Оваа категорија опфаќа случаи кога ризикот од деградација на деловниот потфат за продажба, особено поради ризикот од губење на клучниот персонал, или кога ризиците до продажбата се зголемуваат бидејќи учесниците во концентрацијата не можат да преземат процес на издвојување во временскиот период до продажбата, туку процесот на издвојување може да се случи само кога се стапува во купопродажен договор со купувачот. Одредбата за непосреден купувач може да го забрза трансферот на деловниот потфат за продажба поради зголемениот мотив на учесниците во концентрацијата да го затворат процесот на продажба на деловниот потфат за да може да ја спроведат концентрацијата - до тој степен што заложбите може да и` овозможат на Комисијата да донесе заклучок со потребниот степен на сигурност дека овие ризици се ограничени и продажбата на деловниот потфат ефективно ќе се спроведе.

*(3)* Обврски ,,П*рво да се реши проблемот,,*

55. Третата категорија подразбира случаи каде учесниците во концентрацијата идентификуваат и влегуваат во правно обврзнички договор со купувач, наведувајќи ги основните карактеристики на куповањето, за време на постапката пред Комисијата[15]. Комисијата ќе може да утврди во решението, дали трансферот на деловниот потфат за продажба, на идентификуваниот купувач, ќе ги отстрани грижите за конкуренцијата. Доколку Комисијата ја одобри предметната концентрација, нема да биде потребна дополнителна одлука на Комисијата за одобрување на купувачот, а затворањето на продажбата на деловниот потфат за продажба може да се изврши кратко потоа.

[15] Ваквите договори обично се услов за конечното Решение на Комисијата, со кое се прифаќаат превземените обврски.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

6. Комисијата ги прифаќа обврските ,,прво да се реши проблемот,, особено во случаите каде идентитетот на купувачот е од основно значење за ефективноста на предложените обврски. Ова се однесува на случаи каде, со оглед на околностите, само неколку купувачи може да се сметаат како погодни, особено кога деловниот потфат за продажба не е способен за опстанок сам од себе, туку неговиот опстанок може да биде осигуран со специфични средства кои треба да ги има купувачот, или каде купувачот треба да има специфични карактеристики за да може обврските да ги решат проблемите со грижите за конкуренцијата. Доколку странките одберат да влезат во обврзнички договор со погоден купувач, за време на постапката по пат на обврска ,,прво да се реши проблемот,, Комисијата во тие околности може да утврди, со потребниот степен на сигурност, дека обврските ќе бидат спроведени со продажбата на погодниот купувач. Во овие ситуации, решението „прво да се најде купувач" што содржи посебни барања за подобноста на купувачот, ваквите барања ќе се сметаат за еквивалентни и прифатливи.

2. **Отстранување на врските со конкурентите**

57. Обврските за продажба на деловен потфат можат да се искористат за отстранување на врските помеѓу учесниците во конкуренцијата и конкурентите, во случаите каде овие врски придонесуваат кон грижите за конкуренцијата кои ги предизвикува концентрацијата. Може да е неопходно да се изврши продажба на малцинско акционерско учество во заедничко вложување, со цел да се прекине структурната врска со голем конкурент, или да се продаде малцинско акционерско учество во конкурент.

58. Иако продажбата на вакви удели е преферирано решение, Комисијата по исклучок може да го прифати одрекувањето од сите права, поврзани со малцинските удели во одреден конкурент, каде такво одрекување е можно, со оглед на специфичните околности на случајот, дека финансиските придобивки што потекнуваат од малцинските удели кај конкурентот самите по себе предизвикуваат грижи за конкуренцијата. Во ваквите околности учесниците во концентрацијата треба да се откажат од правата поврзани со ваквите учества кои се релевантни за однесување во смисол на конкуренцијата, како претставување во одбори, права на вето, и права на информирање. Комисијата може да прифати такво отстранување на врските со конкурентот единствено ако тие права се откажат целосно и перманентно.

59. Кога грижите за конкуренцијата произлегуваат од договори со претпријатија кои снабдуваат исти производи или услуги, соодветна обврска може да биде раскинување на односниот договор, како што се договори за дистрибуција со конкуренти или договори кои доведуваат до координација на одредено пазарно однесување. Сепак, раскинувањето на договоро за дистрибуција само по себе ќе ги отстрани грижите за конкуренцијата доколу се осигури дека производот на конкурентот ќе се дистрибуира и во иднина и ќе врши ефективен конкурентски притисок на учесниците во концентрацијата.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## 3. Други обврски

60. И покрај тоа што се преферирани обврски, проджбата на деловен потфат или отстранувањето на врските помеѓу конкурентите, не се единствените можни обврски за отстранување на одредени грижи за конкуренцијата. Сепак, продажбата на деловен потфат е критериум за други обврски, во смисол на ефективност и ефикасност. Затоа, Комисијата може да прифати и други типови на обврски, но само во услови кога ефектите на другите предложени обврски се еднакви на ефектите од продажбата на деловниот потфат.

*Обврски за овозможување пристап*

61. Во одредени случаи Комисијата може да прифати обврски што предвидуваат овозможување пристап до клучна инфраструктура, мрежи, клучна технологија, вклучувајќи патенти, know-how или други права на интелектуална сопственост, како и есенцијални инпути. Учесниците во концентрацијата можат да се обврзат дека ќе овозможат ваков пристап на трети страни на недискриминаторна и транспарентна основа.

62. Обврските кои се однесуваат на овозможување пристап до инфраструктурата и мрежите, можат да бидат поднесени со цел да го олеснат влегувањето на пазарот на конкурентите. Тие може да се прифатливи за Комисијата, во услови каде е доволно јасно дека ќе дојде до влегување на нови конкуренти што ќе го отстранат секое спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција. Честопати може да не биде можно да се постигне доволно намалување на бариерите за влез со индивидуални мерки, туку за тоа да е потребен пакет што подразбира комбинација на обврски за продажба на деловен потфат и обврски за овозможување пристап, или пакет од обврски насочен кон општо олеснување на влезот на конкурентите, со цела палета на различни мерки. Доколку тие обврски успеат да овозможат влезот на нови конкуренти да биде навремен и веројатен, може да се смета дека тие ќе имаат сличен ефект на конкуренцијата на пазарот како и продажбата на деловен потфат. Доколку не може да се заклучи дека намалувањето на бариерите за влез, со предложените обврски, ќе доведат до веројатен влез на нови конкуренти на пазарот, Комисијата ќе го одбие тој пакет на обврски.

63. Обврските кои обезбедуваат недискриматорен пристап до инфраструктурата или мрежите на учесниците во концентрацијата, можат исто така да се превземат за да се осигура дека конкуренцијата не е значително спречена, нарушена или ограничена, како резултат на затварање. Комисијата ќе ги прифати само оние обврски, за кои може да се заклучи дека ќе бидат ефективни, а конкурентите најверојатно ќе ги користат, така што грижите за затварањето ќе се елиминираат. Во специфичните случаи, може да биде соодветно таквата обврска да се поврзе со одредба ,,прво да се најде купувач,, или ,,прво да се реши проблемот,, со цел Комисијата да може да заклучи, со потребниот степен на сигурност, дека таа обврска ќе биде спроведена.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

64. На сличен начин, контролата на клучната технологија или ПИС може да доведат до загриженост поради затворање (исклучување) на конкурентите кои зависат од технологијата или ПИС, како основен инпут за активностите на надолниот пазар. Тоа, на пример, се однесува на случаите кога грижите за конкуренцијата се јавуваат поради тоа што учесниците во концентрацијата може да сокријат информации неопходно за меѓусебно функционирање (интероперативилност) на различна опрема. Во такви околности, обврската да се обезбеди пристап на конкурентите до неопходните информации може да ги отстрани грижите за конкуренцијата. На сличен начин, во секторите каде учесниците треба да соработуваат преку издавање лиценци за патенти меѓу себе, загриженоста дека споеното претпријатие повеќе нема да има поттик да обезбедува лиценци во иста мера и под истите услови како и претходно, може да се отстрани со превземање на обврска за одобрување лиценци врз истата основа и во иднина. Во таквите случаи, обврската треба да предвидува не-ексклузивни лиценци, или откривање на информации врз не-ексклузивна основа на сите трети лица кои во своето работење зависат од ПИС или информации за нивната активност. Понатаму, треба да се осигура дека условите под кои лиценците се одобруваат не ја попречуваат ефикасноста на ваквата обврска која учесниците во концентрацијата ја превземаат во однос на лиценците. Доколку не постојат јасно утврдени услови за одобрување лиценци на односниот пазар, тогаш условите, вклучувајќи го начинот на формирање цени, треба јасно да произлегуваат од обврските (на пример, формули за формирање на цената). Како алтернативно решение може да претставуваат лиценците без надомест. Понатаму, во зависност од случајот, одобрувањето лиценци може да пренесува чувствителни информации на давателот на лиценцата за конкурентското однесување на корисниците на лиценцата кои се активни конкуренти во надолниот пазар, на пример со соопштување на бројот на леценци кои се користат на надолниот пазар. Во таквите случаи, за превземените обврски да бидат соодветни, тие треба да ги исклучат овие проблеми со доверливоста. Општо земено, како што е утврдено во претходниот параграф, Комисијата ќе ги прифаќа само оние обврски за кои може да се заклучи дека ќе бидат ефикасни и конкурентите најверојатно ќе ги употребат.

65.Обврските околу обезбедувањето пристап најчесто се сложени и мора да вклучуваат општи услови за утврдување на условите под кои се одобрува пристапот. Со цел да се направат ефикасни, овие обврски треба да содржат процедурални барање неопходни за нивно следење, како што е барањето за одвоени сметки за инфраструктурата, со цел да се дозволи преглед на вклучените трошоци, и соодветни иструменти за следење. Вообичаено, следењето го прават самите учесници на пазарот, на пример, оние претпријатија кои сакаат да имаат корист од обврските. Мерките што им дозволуваат на третите лица самите да ги спроведат обврските се особено пристап до механизми за брзо решавање на спорови преку арбитражна постапка (заедно со поверениците), или преку арбитражна постапка која ги вклучува регулторните органи, доколку постојат за засегнатиот пазар. Доколку Комисијата може да заклучи дека механизмите предвидени со обврските дозволуваат самите учесници на пазарот благовремено и ефикасно да ги спроведат, не е потребно постојано следење на обврските од страна на Комисијата. Во таквите случаи, интервенција од страна на Комисијата е неопходна само кога страните не се придржуваат до решенијата утврдени со механизмите за решавање на споровите. Сепак, Комисијата може да ги прифати само оние обврски каде сложеноста не доведува до ризик од нивната неделотворност од самиот почеток, и каде предложените

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

инструменти за следење гарантираат дека обврските ќе се спроведат ефикасно, и механизмите за спроведување ќе доведат до навремени резултати.

*Измена на долгорочни ексклузивни договори*

66. Измените во пазарната структура кои произлегуваат од предложената концентрација може да претставуваат причина постоечките договори да се неповолни за ефективната конкуренција. Ова особено важи за ексклузивните долгорочни договори за набавка, доколку тие договори ги затвораат или, на нагорниот пазар импутите на конкурентите или на надолниот пазар, нивниот пристап до купувачите. Во случаите каде споеното претпријатие има можност и мотив да ги исклучи конкурентите на овој начин, ефектите од затварањето кои се резултат на постоечките ексклузивни договори може значително да придонесат за спречување на ефективната конкуренција.[16]

67. Во тие околности, прекинувањето или изменувањето на постоечките ексклузивни договори може да се смета за соодветна обврска за отстранување на грижите за конкуренцијата. Сепак мора да постојат доволни докази кои ќе овозможат Комисијата јасно да утврди дека de facto нема да остане никаква ексклузивност. Понатаму, измените на долгорочните договори вообичаено се доволни само како дел од пакетот на обврски кои ги превземаат учесниците во концентрацијата за отстранување на утврдените грижи за конкуренцијата.

*Други обврски кои не вклучуваат продажба на деловен потфат*

68. Како што е утврдено во став 17, неструктурните видови на правни средства, како што се ветувања на страните дека ќе се воздржат од одредено комерцијално однесување (на пример заедничка продажба на производи), општо гледано не ги отстрануваат грижите на конкуренцијата кои произлегуваат од хоризонталните поклопувања. Во секој случај, може да биде тешко да се достигне посакуваниот степен на ефективност на овие обврски поради отсуство на ефективен механизам на следење, како што е претходно утврдено во став 13. Може да биде невозможно за Комисијата да потврди дали обврските се испочитувани, и дури и други пазарни учесници, како конкурентите може да неможат да утврдат со сигурност дали учесниците во концентрацијата ги исполнуваат условите од обврските во пракса. Понатаму, конкурентите може да немаат мотив да ја известат Комисијата, поради тоа што тие немаат директна корист од обврските. Затоа, Комисијата може да испита други видови на обврски кои не вклучуваат продажба на деловен потфат, како што се ветување во однос на однесувањето, само како исклучок во посебни околности, како што се во однос на грижите за конкуренцијата кои произлегуваат од конгломератни структури.

*Временско ограничување на обврски кои не вклучуваат продажба на деловен потфат*

[16] Види Насоки за оценка на вертикални и конгломератни концентрации.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

69. .Комисијата може да прифати дека обврските кои не вклучуваат продажба на деловен потфат се со ограничено времетраење. Прифатливоста на временското ограничување и времетраење зависи од индивидуалните околности на секој поединечен предмет и не може однапред да се дефинираат на општ начин во овие Насоки.

## 4. Можност за ревидирање на обврските

70. Без разлика на видот на обврските кои учесниците во концентрацијата ги превземаат пред Комисијат, обврските најчесто содржат одредби со можност за ревидирање на обврските.[17] Тоа и`овозможува на Комисијата, на барање на учесниците во концентрацијата кога за тоа постои добра причина, да одобри продолжување на крајните рокови или, во исклучителни околности да ги отфрли, измени или замени обврските.

71. Измената на обврските преку продолжување на крајните рокови е особено значајно за обврските кои вклучуваат продажба на деловен потфт. Учесниците во концентрацијата мора да поднесат барње за продолжение во рамките на рокот. Кога учесниците во концентрацијата поднесуваат барање за продолжување на првот период на продажба, Комисијата прифаќа дека постои добра причина за продолжување на рокот единствено доколку учесниците во концентрацијата не биле во можност да го запазат крајниот рок од причини надвор од нивна одговорност, и доколку може да се очекува дека учесниците во концентрацијата дополнително ќе успеат да ја остварат продажба на деловниот потфат (бизнисот) во рамките на краток период. Во спротивно, повереникот за продажба, може да е во подобра позиција да ја реализира продажбата и да ги исполни обврските на учесниците во концентрацијата.

72. Комисијата може да одобри ослободување од обврските или да прифати измени или замена на обврските само во исклучителни околности. Ова во многу ретки случаи ќе биде релевантно за обврските кои се однесуваат на продажба на деловен потфат. Бидејќи обврските за продажба на деловен потфат треба да се спроведат во краток период по донесувањето на Решението, мала е веројатноста дека во тој краток временски период ќе дојде до измени на пазарните околности, и Комисијата вообичаено нема да прифаќа ниакви модификации од општата клаузула за ревидирање. За посебни ситуации, обврските најчесто предвидуваат попрецизно утврдени клаузули за ревидирање.[18]

73. Ослободувањето од обврските, измените или замената на обврските може да биде порелевантно за обврските кои не вклучуваат проджба на деловен потфат како што се обврски за овозможување пристап, кои може да се однесуваат на период од неколку години, и за кои не сите непредвидени случување може да се предвидат во времето на донесувањето на одлуката на Комисијата. Исклучителните околности кои оправдуваат ослободување од

---

[17] Сепак, клаузулата за ревидирање е од особена важност за обврските кои се однесуваат на овозможување пристап, кои систематски треба да вклучуваат таква клаузула; види подолу став 73.

[18] Како што е споменато во став 29, Комисијата може да одобри купувач без да се вклучат одреден имот или вработени, доколку тоа не влијае врз конкурентската способност и рентабилноста на деловниот потфат кој се продава. На сличен начин, клаузулата за повторно нестекнување што е објаснето во став 42, забранува повторно стекнување на контрола врз деловниот потфат кој се продава, само доколку Комисијата претходно не утврдила дека пазарните структури се измениле до тој степен така што продажбата на деловниот потфат повеќе не е неопходна.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

обврски, измена или замена, може прво да се прифатат како такви обврски доколку учесниците во концентрацијата покажат дека пазарните околности се измениле значително и перманентно. За да се покаже тоа, потребно е да помине доволно долг временски период, најчесто барем неколку години, помеѓу решението на Комисијата и барањето на учесниците во концентрацијата. Второ, исклучителни околности може да исто така да се присутни доколку учесниците во концентрацијата покажат дека стекнатото искуство во примената на обврските укажува на тоа дека саканата цел на обврските подобро ќе се оствари ако се измени модалитетот на обврските. За секое ослободување од обврските, измената или замената на обврските, Комисијата го зема во предвид мислењето на трети лица и влијанието на измените врз позицијата на трети лица, а оттука и севкупната ефективност на обврските. Во овој поглед, Комисијата исто така разгледува дали измените влијаат врз веќе стекнатите права на третите лица по спроведувањето на обврските.

74. Ако во периодот на донесувањето на решението, Комисијата, од одредени причини не може да ги предвиди сите можни околности во однос на спроведувањето на обврскитете, за учесниците во концентрацијата може да биде соодветно да вклучат во обврските клаузула што овозможува Комисијата да активира ограничени измени на обврските. Вакви измени може да се неопходни доколку оригиналните обврски не ги постигнуваат очекуваните резултати предвидени со тие обврски, и следствено не ги отстрануваат ефикасно грижите за конкуренцијата. Процедурално, во таквите случаи учесниците во концентрацијата може да се обврзани да предложат измени на обврските, за да се постигнат резултатите дефинирани со тие обврски, или Комисијата може, за таа цел, по сослушувањето на страните, да ги измени условите и обврските. Ваквиот вид клаузула вообичаено е ограничен на случаите каде дадените модалитети ризикуваат загрозување на ефективното спроведување на обврските.

75. Комисијата може, по барање, формално да одлучи за секое ослободување од обврските, измена или замена на обврските, или едноставно внимателно да ги следи оние измени на обврските од учесниците во концентрацијата, кои што ја подобруваат делотворноста на обврските и доведуваат до Законски обврзувачки обврски на учесниците во концентрацијата, на пример договори. Измената на обврските вообичаено е делотворна *ex nunc.* Следствено, измените на обврските не ги исправаат ретроактивно неисполнувањата на обврските настанати пред времето на измената. Комисијата значи, може, каде што е соодветно, да поведе прекршочна постапка за неисполнувањето согласно членовите 60 и 61 од Законот.

## IV. АСПЕКТИ НА ПОСТАПКАТА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ОБВРСКИ

### 1. Фаза 1

76. Во согласност со член 19 став (2) и (3) од Законот, Комисијата може да утврди дека пријавената концентрација е во согласност со одредбите на Законот и пред поведување на постапката, таму каде што е сигурна дека по измените пријавената концентрација повеќе

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

нема да предизвикува сериозни сомнежи во рамките на значењето на член 19 став (1) точка 3)од Законот.

77. Учесниците во концентрацијата може да достават предлог за обврски до Комисијата на неформална основа, дури и пред известувањето. Учесниците во концентрацијата треба да ги достават обврски благовремено со цел Комисијата да има време за анализа на истите. Исто така и Комисијата ги известува учесниците во концентрацијата за своите сериозни сомнежи навремено, за учесниците во концентрацијата да имаат доволно време да достават предлог обврски. Кога учесниците во концентрацијата доставуваат обврски, крајниот рок за одлуката на Комисијата во согласност со член 24 став (1) од Законот се продолжува од 25 на 35 работни дена.

78. Со цел да се создадат услови за донесување на решение согласно член 19 став (2) предлозите за обврски мора да ги задоволуваат следниве услови:

(а) Целосно да бидат наведени содржината на обврските и начинот на спроведување на обврските кои се спремни да ги превземат учесниците во концентрацијата;

(б) Да бидат потпишани од овластено лице;

(в) Да се проследени со информации за понудените обврски, (како што е објаснето погоре во став 7); и

(г) Да се проследени со верзија на обврските која не содржи деловни тајни. Ваквата верзија на обврските мора да овозможува трети лица да оценат дали предложените обврски се остварливи и делотворни за отстранување на грижите за конкуренцијата.

79. Предлозите кои учесниците во концентрацијата ги доставиле во согласност со овие услови ќе ги разгледува Комисијата. Комисијата се консултира со трети лица, Комисијата може исто така, доколку е соодветно, да ги консултира надлежните регулаторни органи. Понатаму, во случаите кои опфаќаат географски пазар поширок од Република Македонија од причини поврзани со одржливоста на бизнисот (деловниот потфат за продажба), односно доколку обемот на деловниот потфат за продажба е поширок од територијата на Република Македонија, верзијата на предложените обврски која не содржи дловни тајни може да се разгледува и со органите за заштита на конкуренцијата на други замји во рамките на договорите за билатерална соработка со соодветните органи.

80. Обврски во Фаза 1 може да се прифатат единствено ако проблемите со конкуренцијата лесно се идентификуваат и лесно може да се корегираат. Значи, проблемот со конкуренцијата треба да биде јасен, а обврските строго определени за да нема потреба да се навлегува во детална анализа и обврските да се доволни за јасно да се исклучат „сериозни сомнежи“[19] во рамките на значењето на член 19 став (1 )точка 3) од

[19] Сериозни сомнежи постојат кога концентрацијата за која е поднесено известување за последица може да има значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантна позиција.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Законот. Во случаите кога испитувањето потврдува дека предложените обврски отстрануваат секаква основа за гореспоменатите сериозни сомнежи, Комисијата го донесува решение за концентрацијат во фазата 1.

81. Поради временските ограничувања на фаза 1, од особена важност за учесниците во концентрацијата е навремено да ги достават до Комисијата информациите кои се бараат според Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на известувањето, за прецизно да се процени содржината и делотворноста на обврските, како и нивната соодветност за одржување на состојбата на ефикасна конкуренција на пазарот на постојана основа. Доколку учесниците во концентрацијата не се придржуваат до обврските според наведената Уредба, Комисијата нема да биде во можност да заклучи дека предложените обврски ќе ја отстранат основата за сериозни сомнежи.

82. Кога проценката покажува дека понудените обврски не се доволни за отстранување на грижите за конкуренцијата кои се јавуваат поради концентрацијата, учесниците во концентрацијата ќе бидат навремено информирани. Со оглед на тоа што обврските од фаза 1 се дизајнирани за да обезбедат јасен одговор на лесно препознатливите грижи за конкуренцијата, само ограничени измени може да се прифатат за предложените обврски. Ваквите измени, претставени како непосреден одговор на резултатите од консултациите, може да содржат објаснувања, пречистувања и/или други подобрувања, создадени за да гарантираат дека обврските се ефикасни и делотворни. Сепак, ваквите измени се прифатливи само под околности кога се гарантира дека Комисијата може да спроведе меродавна процена на овие обврски.

83. Доколку конечната процена на Комисијата на даден случај покаже дека не постојат грижи за конкуренцијата на еден или повеќе пазари, учесниците во концентрацијата соодветно ќе бидат информирани и може да ги повлечат обврските кои се однесуваат на тие пазари. Доколку учесниците во концентрацијата не ги повлечат, Комисијата стандардно ги игнорира во решението. Во секој случај, ваквите предлози за обврски не претставуваат услов за одобрување на концентрацијата.

84. Кога учесниците во концентрацијата се информирани дека Комисијата има намера во своето решение да утврди дека концентрацијата за последица може да има значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на одреден пазар, останува на учесниците во концентрацијата да предложат обврски. Комисијата не е во позиција да наметнува еднострано услови во решението ,туку единствено врз основа на поднесените обврски на учесниците во концентрацијата.[20] Сепак, Комисијата разгледува дали обврските предложени од учесниците во концентрацијата се пропорционални со проблемот на конкуренцијата при проценувањето дали да ги приклучи кон конечното решение како услови или обврски. Меѓутоа, треба да се нагласи дека, во предлогот на обврските, сите оние елементи потребни за исполнување на основните услови за прифатливи обврски, утврдени погоре во став 9 и понатаму, се сметаат за неопходни.

[20] Види гореспоменатиот став 6.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Овој став, како и претходниот се однесува и на обврските во фазата II.

85. Доколку Комисијата заклучи дека обврските понудени од учесниците во концентрацијата не ги отстрануваат сериозните сомнежи, тогаш таа донесува заклучок за поведување постапка согласно член 19 став(1) точка 3) од Законот.

**2. Фаза II**

86. Во согласност со член 20 став (1) точка 2) и 3) од Законот, Комисијата мора да утврди дека концентрација е во согласност со Законот, кога, по измените концентрација повеќе нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција во рамките на значењето на член 17 став (3) од Законот.

87. Обврските предложени на Комисијата во согласност со член 19 став (3) мора да се достават до Комисијата во рок од 65 работни дена од денот кога е донесен заклучок за поведување постапка согласно член 19 став (1) точка 3) од Законот. Кога крајниот рок за конечната одлука е продолжен во согласност со член 24 став (5) од Законот, исто така и рокот за поднесување на предлог обврски автоматски се продолжува за истиот број денови. **Само во исклучителни околности, Комисијата може да прифати обврските да се достават по прв пат по истекот на овој период. Барањето на учесниците во концентрацијата за продолжување на рокот мора да биде примено во рамките на тој период, и мора да ги образложи исклучителните околности кои, според учесниците, го оправдуваат таквото барање. Освен постоењето на исклучителни околности, продолжување е единствено можно кога има доволно време за да се направи правилна процена на предлог обврските од страна на Комисијата, и да се дозволи соодветна консултација со трети лица.**

88. Со Комисијата може да се вршат консултации околу соодветноста на одредени обврски и однапред, односно пред истекот на периодот од 65 работни денови. Учесниците во концентрацијата се охрабруваат да поднесуваат нацрт предлози кои се однесуваат на содржината на обврските и начинот на нивно спроведување, а кои се неопходни за обезбедување на целосна делотворност на обврските.

89. Со цел да се задоволат барањата за носење решение согласно член 20 став (1)точка 3), обврските мора да ги исполнат следниве барања:

(а) Да содржат решенија за сите грижи за конкуренцијата кои ги предизвикува концентрацијата, и во целост да ја наведат содржината на обврските кои се спремни да ги превземат и начинот на нивно спроведување;

(б) Да се потпишат од овластено лице;

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

(в) Да се проследени со информации за понудените обврски, (погоре објаснето во став 7); и

(г) Да се проследени со недоверлива верзија на обврските, исполнувајќи ги барањата утврдени во гореспоменатиот став 78.

90. Комисијата ќе ги разгледува предлозите кои учесниците во концентрацијата ги доставиле во согласност со овие барања. Доколку проценката потврди дека предложените обврски ги отстрануваат сериозните сомнежи (ако Комисијата сеуште не издала барање за изјаснување по наводите) или грижите на конкуренцијата изнесени во барањето, по консултациите утврдени во горе дадениот став 79, Комисијата донесува решение со кое условно се утврдува дека концентрацијата е во согласност со Законот.

91. И обратно, кога проценката доведува до заклучок дека предложените обврски се чини дека се недоволни за отстранување на грижите за конкуренцијата кои се јавуваат со концентрацијата, учесниците во концентрацијата соодветно се информираат.

**92. . Кога учесниците во концентрацијата дополнително ги изменуваат предложените обврски по истекот на 65 работни денови, Комисијата ќе ги прифати само изменетите обврски каде јасно може да се утврди - врз основа на процената на информациите добиени во текот на испитувањето- дека тие обврски, еднаш спроведени, целосно и недвосмислено ги разрешуваат сите утврдени грижи на конкуренцијата, и кога има доволно време кое дозволува соодветна процена од страна на Комисијата, и соодветни консултации со трети лица. Комисијата ќе ги одбие изменетите обврски кои не ги исполнуваат овие услови.**

## V. УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ

93. Обврските се нудат како средство за обезбедување на одобрување на концентрацијата, и спроведувањето вообичаено се случува по донесувањето на решението. Оттука, обврските бараат заштитни мерки за осигурување на нивната делотворност и навремено спроведување. Одредбите за спроведување стандардно претставуваат дел од обврските поднесени од учесниците во концентрацијата до Комисијата.

94. Следуваат детални упатства за спроведување на обврските за продажба на деловен потфат, како најкарактеристична обврска. Потоа, се разгледуваат некои аспекти на спроведувањето на останатите видови обврски.

### 1. Процес на продажба на деловен потфат

95.Продажбата на деловниот потфат треба да се заврши во одреден временски период договорен помеѓу учесниците во концентрацијата и Комисијата. Вкупниот временски период се дели на период за потпишување на конечен договор, и дополнителен период за

затварање (пренос на Законска сопственост) на трансакцијата. Периодот за влегување во обврзувачки договор понатаму е поделен на прв период во кој учесниците во концентрацијата може да побараат соодветен купувач („прв период на продажба на деловен потфат“), и доколку учесниците во концентрацијата не успеат да ја извршат продажбата, втор период, кога повереник за продажба добива мандат за продажба на деловниот потфат, без минимална цена („период на повереникот на продажба“).

96. Кратките периоди за продажба во голема мерка придонесуваат за успехот на продажбата, бидејќи во спротивно, деловниот потфат за продажба ќе биде изложен на продолжен период на несигурност. Оттука, временските периоди треба да се колку што е можно пократки. Комисијата го смета за соодветен периодот од приближно 6 месеци како прв период за продажба на деловниот потфат, и дополнителен период од 3 месеци како период на повереникот на продажба. Вообичаено се предвидува дополнителен период од три месеци за затворање на трансакцијата. Овие периоди може да се менуваат од случај до случај. Особено, може да е неопходо тие да се скратат доколку постои голем ризик од деградирање на рентабилноста во односниот преоден период.

97. Крајниот рок за продажба на деловниот пофат вообичаено започнува на денот на правосилност на решението на Комисијата. Исклучок може да биде оправдан за трансакции преку јавно наддавање кога учесниците во концентрацијата се обврзуваат да продадат бизнис (деловен потфат) кој припаѓа на претпријатието кое се превзема. Кога во таквите околности учесниците во концентрацијата не можат да се подготват за продажба на деловниот потфат пред затворањето на предметната концентрација, Комисијата може да прифати периодот за таквата продажба да започне со датумот на затварање на предметната концентрација. Слично, вакво решение може да се земе предвид доколку датумот на затворањето на концентрацијата не е под контрола на учесниците во концентрацијата, туку на пример бара одобрение од државата.[21]Спротивно, можеби е посоодветно да се скрати крајниот рок со цел да се намали времето на неизвесност за деловниот потфат кој се продава.

98. Со оглед на тоа што за решението ,,прво да се најде купувач,, претходно опишаната процедура е применлива, процедурата ке се разликува кај процедурата ,,прво да се реши проблемот,,. Општо земено во вториот случај, обврзувачки договор со купувач се склучува за време на постапката, така што по решението на Комисијаата треба да се предвиди само понатамошниот период за затварање на трансакцијата. Доколку пред да се донесе решението е склучен само рамковен договор со купувачот, периодот што треба да се предвиди за склучување целосен договор и последователното затворање се одлучува за секој случај посебно.

## 2. Одобрување на купувачот и договорот за купопродажба

99.Со цел да се осигура делотворност на обврските, продажбата на предложен купувач подлежи на претходно одобрување од страна на Комисијата. Кога учесниците во концентрацијата (или повереникот за продажба) постигнале конечен договор со купувачот,

---

[21] Сепак, и во овие околности, останатите одредби на обврските, особено одредбите за воспоставување заштитни мерки во преодниот период, треба да почнат да течат на денот на правосилност на решението.

тие мора да достават образложен и документиран предлог до Комисијата. Учесниците во концентрацијата или повереникот за продажба, во зависност од случајот, треба да покажат на Комисијата дека предложениот купувач ги задоволува условите за купувач, и дека продажбата на деловниот потфат е извршена на начин кој е конзистентен со одлуката на Комисијата и со обврските. Кога обврските дозволуваат различни купувачи да се предложени за различни делови од пакетот (деловниот пофат кој се продава), Комисијата проценува дали секој поединечен купувач е прифатлив и дали вкупниот пакет ги решава грижите за конкуренцијата.

100. Во проценката на било кој предложен купувач, Комисијата ги оценува барањата за купувач во однос на целта на обврските, неодложно одржување на ефективната конкуренција на пазарот каде е утврдено постоење на грижи за конкуренцијата, и на пазарните услови како што е утврдено во решението. Општо земено, основата за проценка на Комисијата на условите за купувачот е поднесокот од страните, процената на повереникот за мониторинг, а особено разговорот со предложениот купувач и неговиот бизнис план. Понатаму, Комисијата анализира дали предлозите на купувачот се остварливи во пазарни услови.

101. Условот купувачот да има неопходни финансиски ресурси особено се однеува на начинот на кој предложениот купувач ја финансира купопродажбата. Комисијата вообичаено не прифаќа било какво финансирање од продавачот доколу на тој начин продавачот добива дел од прифитот на деловниот потфат кој се продава во иднина.

102. Кога се проценува дали предложенот купувуч се заканува да создаде проблеми со конкуренцијата, Комисијата врши *prima facie* процена во однос на информациите достапни на Комисијата во процесот на одобрение. Каде што купувањето доведува до концентрација за која постои обврска за известување, за новата концентрација тереба да се достави известување согласно Законот и да биде одобрена во редовна постапка. Понатаму, од предложениот купувач мора да се очекува да ги добие сите останати неопходни одобренија од релевантните регулаторни органи. Каде што може да се предвиди, врз основа на информациите достапни на Комисијата, дека ке се јават потешкотии при одобрување на новата концентрација или при прибавување на други одобренија, може прекумерно да се одложи спроведувањето на обврските, се смета дека предложениот купувач не ги задоволува барањата за купувач. Инаку, грижите за конкуренцијата утврдени од страна на Комисијата нема да се отстранат во соодветна врменска рамка.

103.Барањето за одобрување од страна на Комисијата, најчесто не се однесува само на идентитетот на купувачот, туку и на купопродажните, и останати договори склучени помеѓу учесниците во концентрацијата и предложениот купувач, вклучувајќи и преодни договори. Комисијата утврдува дали продажбата на деловниот потфат согласно договорот е во согласност со обврските.[22]

[22] Како што е дадено погоре, учесниците во концентрацијата може да се пријават пред Комисијата за одобрение за продажба на бизнисот на предложен купувач без еден или повеќе имоти, или дел на вработените, доколку тоа не влијае врз економската способност и конкурентноста на бизнисот по продажбата, имајќи ги предвид ресурсите на предложениот купувач.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

104.Комисијата ги известува учесниците во концентрацијата за својот став во однос на соодветноста на предложениот купувач. Доколку Комисијата заклучи дека предложениот купувач не ги задоволува условите за купувач, ги известува учесниците во концентрацијата дека предложениот купувач не е согласно обврските. Доколку Комисијата заклучи дека купопродажниот договр (или други помошни договори) не предвидуваат продажба на деловниот потфат во согласност со обврските, Комисијата го соопштува тоа на учесниците во концентрацијата без непотребното одбивање на купувачот како таков. Доколку Комисијата заклучи дека купувачот е соодветен според обврските и дека договорот за продажба на деловниот потфат е во согласност со обврските, Комисијата одобрува продажба на предложениот купувач.[23] Комисијата ги објавува потребните одобренија колку што е можно побрзо.

## 3. Обврски на страните во преодниот период

105.Учесниците во концентрацијата треба да исплнат одредени обврски во преодниот временски период (како што е горе дефинирано во став 35). Следново треба да е вклучено во обврските во тој поглед: (i) Заштитни мерки за меѓувремено зачувување на рентабилноста на деловниот потфат, (ii) неопходни чекори за процесот на издвојување, ако е релевантно, и (iii) неопходни чекори за подготовка на продажбата на деловниот потфат.

*Зачувување на деловниот потфат во преодниот период*

106. Учесниците во концентрацијата имаат одговорност да го сведат на минимум секој можен ризик од загуба на конкурентскиот потенцијал на деловниот потфат кој се продава, што е резултат на неизвесноста својствена за преносот на бизнисот. Се` до пренесувањето на деловниот потфат на купувачот, Комисијата ќе бара учесниците во конкуренцијата да понудат обврски за одржување на независноста, економската рентабилност, пазарната вредност и конкурентност на деловниот потфат. Само таквите обврски ќе и овозможат на Комисијата да донесе заклучок со потребниот степен на сигурност дека продажбата на деловниот потфат ќе се спроведе на начинот предложен од учесниците во концентрацијата во обврските.

107.Општо земено, обврските треба да се создадени да го држат одделено бизнисот кој се продава од бизнисот кој се зачувува од страните, и да се осигура дека се управува како посебен бизнис кој може да се продаде во негов нјдобар интерес, со цел да се осигура неговата континуирана економска рентабилност, пазарна вредност и конкурентност, и неговата независност од бизнисот задржан од учесниците во концентрацијата.

108.Од учесниците во концентрацијата се бара да осигураат дека сиот имот на деловниот потфат (бизнисот) е одржан, во согласност со добрите деловни пракси и во вообичаениот тек на работењето, и дека не се превземени никакви активности кои

[23] Во зависност од околностите на продажба на деловниот потфат, учесниците во концентрацијата можеби ќе треба да осигураат, на пример преку соодветни одредби во купопродажниот договор, дека купувачот ќе го одржи купениот бизнис како конкурентна сила на пазарот, и нема да го продаде во краток временски период.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

може да имаат значително негативно дејство врз бизнисот. Ова особено се однесува на зачувувањето на основните средства, know-how или комерцијални информации од доверлива или сопственичка природа, базата на клиенти и техничката и комерцијална компетентност на вработените. Понатаму, учесниците во концентрацијата мора да го зачуваат бизнисот во истата сосотјба како и пред концентрацијата, особено да обезбедат доволно ресурси, како капитал или кредитни линии, врз основа и продолжение на постоечкиот бизнис план, истите административни и управни функции, или останати фактори битни за одржувањето на конкуренцијата во дадениот сектор.
Обврските исто така, треба да предвидуваат дека учесниците во концентрацијата треба да преземат разумни чекори, вклучувајќи соодветни поттикнувачки шеми, за охрабрување на клучниот кадар да остане во бизнисот, и дека учесниците во концентрацијата не смеат да ги бараат, односно нема да им прават понуди или да ги преместуваат вработените во својот преостанат бизнис.

109.Учесниците во концентрацијата треба да го држат одвоен бизнисот кој се продава од својот задржан бизнис, и да се осигураат дека клучниот кадар на бизнисот што се продава нема никаква поврзаност со задржаниот, и обратно. Доколку бизнисот што се продава е во корпоративна форма, и неопходна е строга поделба на корпоративните структури, правата на страните како акционери, особено правата на глас, треба да се искористат преку повереникот за мониторинг, кој исто така треба да има право да замени членови на одборот назначени во име на учесниците во концентрацијата. Во врска со информациите, учесниците во концентрацијата мора да го заштитат (да извршат т.н. прстенасто оградување) бизнисот што се продава и да ги преземат сите потребни мерки да се осигураат дека учесниците во концентрацијата не поседуваат никакви деловни тајни, или други доверливи информации. Сите документи или доверливи деловни информации со кои учесниците во концентрацијата се здобиле пред донесувањето на решението треба да се вратат на претпријатието или да се уништат.

110.Од учесниците во концентрацијата се бара да назначат менаџер за одвоено чување со потребната стручност, кој ќе биде одговорен за управување со бизнисот и спроведување на обврските за одвоено чување и прстенасто оградување. Менаџерот за одвоено чување делува под надзор на повереникот за мониторинг кој може да дава инструкции на менаџерот за одвоено чување. Обврските треба да предвидуваат дека назначувањето треба да се случи веднаш по правосилноста на решението, дури и пред учесниците во концентрацијата да ја затворат предметната концентрација. Со оглед на тоа што учесниците во концентрацијата самите го назначуваат менаџерот за одвоено чување на бизнисот, обврските мора да предвидуваат дека повереникот за мониторинг има право да го отстрани менаџерот за одвоено чување доколку тој/таа не делуваат во согласност со обврските, или го загрозуваат нивното навремено и правилно спроведување. Новото назначуање на менаџер за одвоено чување подлежи на одобрение од страна на повереникот за мониторинг.

*Чекори за издвојување*

111.Како што е утврдено погоре во став 34, Комисијата може да прифати во содветни околности дека продажба на деловен потфат кој треба да се издвои од преостанатиот бизнис на учесниците во концентрацијата може да се смета за соодветена обврска. Сепак, и во такви

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

околности, само пренесувањето на одржлив бизнис на купувач кој ќе го задржи и развие бизнисот како активна конкурентна сила на пазарот ќе ги отстрани грижите на Комисијата за конкуренцијата. Оттука учесниците во концентрацијата треба да се обврзат на обврска кои се ориентирана кон резултати кои ќе се спроведат во преодниот период, издвојување на имотот што придонесува за продажбата на бизнисот. Резултатот треба да биде рентабилен и конкурентен бизнис, кој може самостојно да опстои, одделно од другите бизниси на учесниците во концентрацијата, кој може да се пренесе на соодветен купувач на крајот на преодниот период.
Учесниците во концентрацијата мора да ги сносат трошоците и ризиците на таквото издвојување во преодниот период.

112. Издвојувањето треба да се спроведе од учесниците во концентрацијата под надзор на повереникот и во соработка со менаџерот за одвоено чување. Прво, имотот и делот од персоналот кои се делат помеѓу деловниот потфат кој се продава и преостанатиот дел од бизнисот на учесниците во концентрацијата треба да се распредели до тој степен што тоа да не е исклучено во обврските.[24] Алокацијата на имотот и персоналот ќе се следи и треба да се одобри од страна на повереникот за мониторинг. Второ, процесот на издвојување може да бара репликација за бизнисот на поседуваниот имот или функциите извршувани од страна на други делови на бизнисот на учесниците во концентрацијата, доколку тоа е неопходно за да се осигури рентабилноста и конкурентноста на деловниот потфат што се продава. Како пример може да се наведе прекинување на учеството на деловниот потфат за продажба во централната мрежа на информатичката технологија и инсталирање на одделен систем на ИТ за деловниот потфат. Општо земено, главните чекори на таквиот процес на издвојување и функциите што треба да се реплицираат треба да се утврдат за секој случај одделно и тие да се опишани во обврските.

113. Истовремено, треба да се осигури дека рентабилноста на деловниот потфат за продажба не е засегната од тие мерки. Во преодниот период, учесниците во концентрацијата треба да ја задржат употребата на споделуваниот имот и да продолжат да даваат услужни дејности на бизнисот кој се продава во иста мерка како и во минатото, се` додека претпријатието сеуште не може да се оддржи како самостојно.

*Специфични обврски на учесниците во концентрацијата кои се однесуваат на процесот на продажба на деловниот потфат*

114. За процесот на продажба на деловниот потфат, обврските треба да предвидуваат потенцијалните купувачи да може да спроведат должна анализа и да добијат, во зависност од фазата на постапката, доволно информации кои се однесуваат на деловниот потфат кој се продава, за да им се овозможи на купувачите целосно да ја процента вредноста, опсегот и комерцијалниот потенцијал на деловниот потфат, и директен пристап до персоналот. Понатаму, учесниците во концентрацијата треба да достават периодични извештаи за можните купувачи и текот на преговорите. Продажбата на деловниот потфат се спроведува единствено кога трансакцијата е затворена, односно Законската сопственост се префрлила на одобрениот купувач, и имот е фактички префрлен. На крајот на

[24] Види погоре став 25 за прашањето како да се регулира поделениот имот во обврските.

процесот, учесниците во концентрацијата треба да испратат конечен извештај, потврдувајќи го затворањето и преносот на имотот.

## 4. Повереник за мониторинг и повереник за продажба

*Улогата на повереникот за мониторинг*

115. Бидејќи Комисијата не може да е секојдневно директно вклучена во надгледувањето на спроведувањето на обврските, учесниците во концентрацијата треба да предложат назначување на повереник кој ќе го надгледува (врши мониторинг) придржувањето на учесниците во концентрацијата кон обврските, особено нивните обврски во преодниот период и процесот на продажба (така наречен „повереник за мониторинг“). Со тоа учесниците во концентрацијата гарантираат делотворност на обврските доставени од нивна страна и дозволуваат Комисијата да се осигури дека измените на најавената концентрација, по предлог на страните, ќе се спроведат со неопходниот степен на сигурност.

116. Повереникот за мониторинг ги извршува своите задачи под надзор на Комисијата и треба да се смета за „очи и уши“ на Комисијата. Тој се грижи со деловниот потфат да се управува и одржува исправно и самостојно за преодниот период. Комисијата може да издаде наредба или напатствија на повереникот за мониторинг со цел да се осигури придржување кон обврските, и повереникот може да предложи на учесниците во концентрацијата мерки за кои смета дека се неопходни за извршување на своите задачи. Сепак,учесниците во концентрацијата не можат да му дадат напатствија на повереникот без одобрение на Комисијата.

117..Обврските генерално ги утврдуваат задачите на повереникот за мониторинг. Неговите задачи и обврски се детално назначени во мандатот на повереникот, кој се склучува помеѓу учесниците во концентрацијата и повереникот, а задачите понатаму се дефинираат во планот за работа. Задачите на повереникот за мониторинг вообичаено започнуваат веднаш по правосилноста на решението на Комисијата, и траат до Законскиот и фактичкиот пренос на претпријатието на одобрениот купувач. Може да се издвојат пет главни, но не и единствени задачи кои повереникот за мониторинг трба да ги спроведе под надзор на Комисијата:

- Прво, повереникот за мониторинг има обврска да ги надгледува заштитните мерки, како деловниот потфат би се продал во преодниот период.
- Второ, во случаите на издвојување, повереникот за мониторинг мора да ги надгледува поделбата на имотот и распределба на персоналот помеѓу бизнисот кој се продава и бизнисот кој се задржанува од учесниците во концентрацијата, како и репликација на имотот и функциите на бизнисот претходно обезбедувани од учесниците во концентрацијата.
- Трето, повереникот за мониторинг е одговорен за надгледување на обидите на

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

учесниците во концентрацијата да најдат потенцијален купувач и да го пренесат бизнисот. Општо земено, повереникот го разгледува напредокот на процесот на продажба на деловниот потфат и потенцијалните купувачи вклучени во процесот. Поверникот потврдува дека потенцијалните купувачи имаат дволно информации во однос на бизнисот – особено разгледувајќи го меморамдумот со информации (доколку е достапен), собата со податоци и процесот на должна анализа. Кога ќе се предложи купувач, повереникот за мониторинг доставува до Комисијата образложено мислење за тоа дали предложениот купувач ги задоволува барањата за купувач утврдени во обврските и дали бизнисот се продава на начин доследен на обврските. На крајот на процесот, повереникот за мониторинг мора да го надгледува Законскиот и фактичкиот пренос на бизнисот на купувачот, и да изготви конечен извештај во кој се потврдува преносот.

- Четврто, повереникот за мониторинг дејствува како лице за контакт за сите барања на трети лица, особено потенцијалните купувачи, во однос на обврските. Учесниците во концентрацијата ги информираат заинтересираните трети лица за идентитетот и задачите на повереникот за мониторинг, вклучувајќи ги и потенцијалните купувачи. Во случај на несогласување помеѓу учесниците во концентрацијата и третите лица околу прашањата утврдени со обврските, повереникот за мониторинг ги разгледува овие прашања со двете страни и поднесува извештај до Комисијата. За да може да ја извршува својата улога, повереникот за мониторинг ги чува во доверба деловните тајни на учесниците во концентрацијата и на третите лица.
- Петто, повереникот за мониторинг за овие прашања доставува до Комисијата периодични извештаи за спроведувањето на обврските, а поднесува и дополнителни извештаи на барање на Комисијата.

118. Обврските, исто така детално ги утврдуваат потребите на повереникот за мониторинг за поддршка и соработка со учесниците во концентрацијата; Комисијата го надгледува односот помеѓу учесниците во концентрацијата и повереникот и во тој поглед. За исполнување на своите задачи, повереникот има пристап до книгите и евиденцијата на учесниците во концентрацијата и на деловниот потфат кој се продава, до тој степен и толку долго колку што е потребно за спроведувањето на обврската, може да побара менаџерска и административна поддршка од учесниците во концентрацијата, тој се информира за потенцијалните купувачи и развојот на процесот на продажба на деловниот потфат, и ги добива информациите доставени до потенцијалните купувачи. Понатаму, учесниците во концентрацијата го обештетуваат повереникот и го овластуваат да назначува советници, доколку е соодветно за исполнување на неговите задачи кои произлегуваат од обврските. Обврските исто така треба да и овозможат на Комисијата да дели информации на учесниците во концентрацијата со повереникот за мониторинг, со цел исполнување на неговите задачи. Повереникот за мониторинг се обврзува да ја чува доверливоста на овие информации.

*Улога на повереникот за продажба*

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

119.Како и во случајот со повереникот за мониторинг, учесниците во концентрацијата треба да предложат дека ќе назначат повереник за продажба, со цел доставените обврски да бидат ефективни, и Комисијата да се осигури дека измените на најавената концентрација, кои тие ги предложиле, ќе се спроведат. Доколку учесниците во концентрацијата не успеат да најдат соодветен купувач за време на првиот период на продажба, повереникот за продажба добива неотповиклив и ексклузивен мандат да го продаде деловниот потфат, под надзор на Комисијата, во одреден временски рок, без определена минимална цена на соодветен купувач. Обврските треба да му дозволуваат на повереникот за продажба да вклучи во купопродажниот договор такви услови за кои смета дека се соодветни за целисходна продажба, а особено гаранции и обештетувања. Продажбата на деловниот потфат од страна на повереникот за продажба на ист начин подлежи на претходно одобрение од Комисијата, како и продажбата на учесниците во концентрацијата.

120. Со обврските се утврдува дека страните го поддржуваат, известуваат и соработуваат со повереникот за продажба исто како што е предвидено за повереникот за мониторинг. Што се однесува до продажбта, страните доделуваат сеопфатно полномошно на повереникот за продажба, покривајќи ги сите фази на продажба.

*Одобрување на повереникот и неговиот мандат*

121.Во зависност од обврските, повереникот за мониторинг може, но не мора да биде истото лице или институција со повереникот за продажба. Учесниците во концентрацијата предлагаат еден или повеќе потенцијални повереници пред Комисијата, вклучувајќи ги сите услови на мандатот и нацрт на работен план. Од исклучителна важност е повереникот за мониторинг да се назначи веднаш по правосилноста на решението на Комисијата. Затоа, учесниците во концентрацијата треба да предложат соодветен повереник веднаш по правосилноста на решението на Комисијата[25], исто така обврските треба да предвидуваат дека најавената концентрација може да се спроведе само откако ќе се назначи повереник за мониторинг, по претходно одобрение на Комисијата. Ситуацијата е различна за повереникот за продажба, кој треба да се назначи при крајот на првиот период на продажба[26], така што неговиот мандат може да стапи на сила на почетокот на периодот на повереникот за продажба.

122. И двата видови повереници ги назначуваат учесниците во концентрацијата врза основа на мандат на повереник, утврден помеѓу учесниците во концентрацијата и повереникот. Назначувањето и мандатот подлежат на одобрение од Комисијата, која има дискреционо право во изборот на повереник, и проценува дали предложениот кандидат е соодветен за задачите на одредениот случај. Повереникот треба да е независен од учесниците во концентрацијата, да ги поседува потребните квалификации за спроведување на мандатот, и да не е, ниту да стане изложен на конфликт на интереси.

---

[25] Вообичаено обврските треба да предвидуваат дека повереникот за мониторинг се предлага во рок од осум дена од датумот на правосилност.
[26] Комисијата вообичаено бара назначувањето да биде барем еден месец пред крајот на првиот Период за продажба

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

123. Комисијата ги проценува потребните квалификации во поглед на барањата на конкретниот случај, вклучувајќи го географското подрачје и засегнатиот сектор. Ревизорски друштва и други консултантски фирми се особено во позиција за исполнување на задачите на повереник за мониторинг. Поединците кои работеле во одредената индустрија, исто така се соодветни кандидати за извршување на таа улога, доколку поседуваат ресурси достапни за справување со односните задачи. Инвестиционите банки се особено соодветни за улогата на повереник за продажба. Независноста на повереникот е клучна за да се овозможи повереникот прописно да ја исполни својата улога на следење на тоа дали активностите на учесниците во концентрацијата се во согласност со превземените обврски пред Комисијата и да се осигури неговиот кредибилитет пред трети лица. Особено, Комисијата нема да прифати за повереник лица или институции кои истовремено се ревизори на учесниците во концентрацијата, или нивни инвестициони советници во продажбата. Сепак, конфликт на интереси не произлегува поради односите на повереникот со учесниците во концентрацијата доколку тие односи не ја нарушуваат објективноста и независноста на Повереникот во извршувањето на неговите задачи. Учесниците во концентрацијата се одговорни да достават соодветни информации до Комисијата за таа да потврди дека повереникот ги исполнува условите. Назначувањето на повереникот од учесниците во концентрацијата по добиеното одобрување е неотповикливо, освен ако повереникот не се заменува со претходно одобрение, или по барање на Комисијата.

124. Мандатотот на повереникот ги дефинира задачите како што е утврдено во обврските и ги вклучува сите одредби неопходни за да му се овозможи на повереникот да ги исполни своите задачи согласо обврските прифатени од Комисијата. Учесниците во концентрацијата се одговорни за надоместот на повереникот според мандатот, и структурата на надоместот мора да биде таква да не ја нарушува независноста и ефективноста на повереникот во извршувањето на мандатот. Комисијата одобрува повереник само заедно со соодветен мандат. Во одредени случаи, може да се објави идентитетот на повереникот и краток преглед на неговите задачи.

125.Кога посебните обврски кои му се доверени на повереникот се имплементирани – односно кога Законската сопственост на деловниот потфат кој се продава е пренесена, имотот е пренесен на купувачот, и евентуалните посебни обврски кои продолжуваат по продажбата се исполнети – мандатот му овозможува на повереникот да бара од Комисијата да го ослободи од понатамошни обврски. Дури и по ослободувањето од одговорностите, може да биде неопходно Комисијата да бара повторно назначување на повереникот врз основа на обврските, доколку Комисијата дополнително смета дека важни обврски не се целосно и прописно спроведени.

## 5. Обврски на учесниците во концентрацијата по продажбата на деловниот потфат

126. Обврските мора да предвидат дека во период од 10 години по донесувањето на решението со кое се прифаќат обврските Комисијата може да побара информации од учесниците во концентрацијата. Со тоа и` се овозможува на Комисијата да го следи спроведувањето на обврските.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## 6. Имплементација на другите обврски

127.Голем број на гореспоменатите принципи за спроведување на обврските за продажба може подеднанкво да се применат на останатите видови обврски, доколку тие треба да се спроведат по решението на Комисијата. На пример, доколку се предвидува корисникот на лиценцата да го одобрува Комисијата, може да се применат одредбите кои се однесуваат на одобрувањето на купувачот. Со оглед на широкиот опсег на обврските кои не се однесуваат на продажба, не може да се утврдат општи и сеопфатни услови за спроведување на обврските кои не се однесуваат на продажба на деловен потфат.

128.Сепак, со оглед на долготрајноста на обврските кои не се однесуваат на продажба и нивната сложеност, тие често бараат големи напори за следење и посебни алатки за следење за да и` се овозможи на Комисијата да заклучи дека тие ефективно ќе се спроведат. Оттука, потребно е да се вклучи повереник што ќе го надгледува спроведувањето на таквите обврски и воспоставувањето на брзи арбитражни процедури, со цел да се обезбедат механизми за решавање на спор, и обврските да се спроведат од самите учесници на пазарот. Во ваквите околности, повереникот го надгледува спроведувањето на обврските, но иста така може и да учествува во арбитражни постапки со цел тие да се завршат за краток временски период.